УДК 821.18(497.7)-31.09

**Фљорентина Фетахи**

# ВРЕМЕТО И ПРОСТОРОТ ВО РОМАНОТ *ДОМАШНА ЗМИЈА* ОД АРИЈАН ЛЕКА

## За компаративната перспектива на читање на просторот и на времето

Просторот и времето, бесконечноста и границите кои се нивна одлика во филозофска смисла, ги интригираат луѓето со милениуми. Прашањата што се однесуваат кон аспектите на просторот и времето се навистина централни за филозофијата на романот *Домашна змија,* меѓутоа тие не се туѓи, ниту безначајни за делото на Франц Кафка. Различни аспекти во однос на просторот и времето се во сржта на делата на горенаведените автори низ призмата на филозофските, социолошките, антрополошките, психолошките категории кои ги впишуваат на исклучителен начин овие димензии, бидејќи во овие дела како да се тежнее кон пренебрегнување на календарските линеарни течења на времето и се прибегнува кон т.н. митологизација со доминација на една постојана сегашност сфатена во модерна и постмодерна смисла. Низ интердискурзивна релација на делата за кои времето и просторот добиваат исклучителни значења се чита литературата на овие автори.

Во литературата, времето и просторот стануваат клучни аспекти на сублимираните значења транспонирани преку сликата за т.н. *домашна змија* или за бубачката. Различни слики бараат различни просторно-временски координати. На пример, во литературата честопати, како на пример, во делото на Франц Кафка, во неговите раскази и во трите романи (*Процес, Замок, Америка*), се соочуваме со невообичаено стеснет простор. Мали соби, ниски тавани, многу ходници и мрачни кулоари. Грегор Самса живее во соба која наликува на ковчег. Се разбира, ова не е случајно. Писателот

се интересира за луѓе кои се наоѓаат во ќорсокак во животот, а тоа е нагласено преку сликата со која се открива нивната трансформација од хумани битија во животни. Отворањето на просторот е поврзано со копнежот за преминување на праговите и со потребата некогаш просторот да се измени, односно тој да се отвори. Истото чувство се појавува кај таткото, старецот во *Домашна змија* на Аријан Лека, кој живее во самоизолација и ги посматра „движењата" или промените и метаморфозите во неговото семејство од истиот агол во собата, покрај вратата и до балконот. Истото место е тој агол од каде што тој ќе гледа како му ги носат работите до колата за да го преселат од таа соба. Ова е начинот на кој Грегор Самса од аголот на својата соба ги набљудува членовите на своето семејство и промените во своето семејство и како меѓу нив се појавува идејата за негово исклучување и елиминирање и од таа соба во која го минува денот.

**За романот *Домашна змија* од Аријан Лека**

Секое дело на современата литература има своја просторно-временска мрежа, свој координатен систем. Во исто време, постојат некои општи закони за развојот на уметничкиот простор и време. На пример, до 18 век естетската свест не му дозволувала на авторот да „се меша" во временската структура на делото. Со други зборови, авторот не можел да ја започне приказната со смртта на херојот и потоа да се врати на неговото раѓање. Времето на делото е осмислувано во координатите на „реалното, календарско течење и мерење на времето". Дополнително, авторите не го нарушувале текот на нарацијата за да биде некој лик „вграден" во приказната на местото од некој друг лик без мотивација. Во праксата на пишувањето, овие постапки на практикување на случајни појавувања, немотивирани вградувања на непознати ликови, различно се практикувани во античката и во реалистичната литература и тие доведуваат до создавање на таканаречените „хронолошки некомпатибилности". На пример, една приказна завршува со безбедно враќање на херојот, додека друга приказна започнува со фактот дека најблиските тагуваат поради неговото отсуство. Ова го среќаваме, на пример, во *Одисеја* на Хомер.

Во почетокот на 20 век век се менува пристапот, а авторите кои се претставници на модернизмот го практикуваат „моделирањето" на наративот, без да се задржуваат до логиката на течење на случувањата во животот на ликот. Одеднаш се раскажуваат многу случајно развиени, односно вметнати приказни, се прават големи отстапувања и дигресии, а со тоа е нарушен хронолошкиот, линеарниот и календарскиот „реализам".

Како и авторите на модернизмот, како на пример Франц Кафка, така и современите постмодернистички автори тежнеат да го изградат составот на делото со мешање или произволност на вградените епизоди по сопствена одлука или желба.

Токму тоа е феноменот кој се практикува при пишување на делото *Домашна змија*, а тоа значи примена на фрагментацијата на времето и просторот, немотивирани премини од една во друга состојба кои стануваат возможни благодарение на изборите на нараторот кој транспарентно го објавува своето пишување книга и својата позиција на посредникот меѓу прикажаниот живот и читателите. Раскажувачот може да го стеснува, да го развлекува или да го запира течењето на времето со бројни описи и други видови на дискурси.

Кога станува збор за фрагментацијата и нејзиното присуство во наративната линија, Ј. Кристева го вели следново: *Наративната линија е тенка мембрана, која може да експлодира во секој момент, всушност, кога современоста што ја раскажува ќе стане неподнослива, кога границата помеѓу субјектот / предметот е уништена, границата и надвор станува неподнослива, и тогаш прво се доведува во прашање проблемот на течење на нарацијата. Ако, сепак, продолжи (нарацијата), содржината се менува: линеарноста на наративот се распаѓа, а нарацијата се реализира низ делови, фрагменти, енигми, кратенки, отсуства, незаокружени делови...*

Во романот на Аријан Лека присуството на фрагментарноста се забележува уште во неговото прво читање. Во него се среќава уништувањето на класичниот наратив. Повеќе нема течење како континуитет на настани и перипетии во јасно дефинирани времиња и простори, напротив, се појавуваат намерни фрагментации, каде што редот престанува да биде регулатор во рамките на логиката, а постапката на поврзувањата се засновува на произволности. Тука композицијата ги следи принципите на избор на авторот, така се брише јасноста, се случуваат поврзувања со примена на монтажа и се практикуваат преклопувања на настаните едни со други, се создава состојба на конфузија во свеста на читателот, еден вид хаос, меѓутоа секогаш структурата продолжува да опстојува преку внатрешната уникатна уметничка креација определена со сите свои специфичности кои уште повеќе ја надградуваат естетиката во настанување.

**Клучни постапки на нарацијата на Аријан Лека**

Една од главните постапки што се поврзува токму со времето е напуштањето на реалното време со имагинарно време во кое се случува

бегството на херојот со брод. Тоа е постапка со која се изразуваат бегството на главниот јунак на делото од стварноста и потрагата по утеха во светот на неговите визии и сништа. Неговата близина до себеси и неговата голема желба да ја промени својата горчлива реалност, неговото незадоволство и неможноста да ги контролира надворешните фактори во текот на неговиот живот ја засилува потребата за создавање сопствен свет од фантазии и имагинарни дејствија. Така се случуваат движењата со, условно речено, Ноевата арка, а паралелно со тоа и бегствата од предодредената судбина.

Составен дел на состојбите на имагинарно бегство во делото на Аријан Лека е состојбата на осаменост. Критичарот Р. Муслиу зборува за начинот на разработување на оваа тема во делата на Арија Лека на следниов начин: *... Темата на осаменоста се издвојува како отфрлање на моделот на насочено социјално однесување, болеста станува карактеристична околност на едно општество на утопија, а тоа не е ништо друго освен алтернативна реалност, простор, но и време што го подразбираме под симболот на Ел Дорадо, утописки град на среќата*.

Авторот ја најавува темата за осаменоста со следново мото: *Осаменоста е судбина на извонредните души!* (Шопенхауер), со што, објаснува авторот Лека, за самотијата говорел како за негов постојан животен сопатник. Тој и кога се наоѓал меѓу луѓето, се чувствувал осамен, затоа неговиот опис е длабок и продорен и исполнет со чувство на студенило што се рефлектира и врз читателот.

Паралелно со состојбата на осаменоста, романот „Домашната змија“ ја актуализира темата за страдањето, за болката и за отуѓувањето на индивидуата, особено индивидуата на писателот кој ја пишува својата животна творба во времето на авторитарен систем. Ужасот, срамот, покајанието, тишината, измамата се клучни чувства, но и клучни мотивации кои ја проникнуваат кингата на Аријан Лека.

Постапките на нарацијата откриваат неколку временски гледни точки или два сосема различни погледи, на оној што живее во сегашниот момент, но исто така и на другиот, оној чии емоции се тесно поврзани со минатото, бидејќи тие понекогаш се појавуваат во форма на болни сеќавања, понекогаш во форма на несвесни реакции, што во голема мерка влијае врз начинот на кој во текот на нарацијата се претставува низа од различни ментални позиции, такви кои произлегуваат од сегашноста и други кои се сеќавања или состојби произведени од дејството на минатото врз свеста или несвесното. За среќа, она што се случува во делото како креација, настанува и потоа ги „гасне“ или ги потиснува негативните влијанија на минатото. Авторитарниот режим е уништен, а она што останува од

него се претвора во естетска храна, тоа е онаа граѓа од која произлегува пишувањето и рецепцијата, читањето.

**Заклучок**

Просторот во уметничкото дело во голема мера ги одредува врските на сликата на светот (временска, етичка, социјална, психолошка итн.), изведена како уметнички модел на светот. Просторот понекогаш метафорично прилега на целосно разнебитена, раскршена форма, изграден од навидум произволни и приватни агли на живеење кои се резултат на избор, а од нив се перципира и се опишува фрагмент од сликата на светот. Така, може да заклучиме, дека уметничкиот простор е избор, креација или модел на светот на авторот. Тој се изразува преку јазикот на просторните претстави како уметнички простор кој не е пасивно складиште на херои и епизоди од заплетот. Во просторот се вградени дејствувањата или пасивните состојби на набљудување на ликови. Општиот модел на светот создаден во уметнички текст се покажува дека со јазикот на естетиката се креира, а не се „исфрла" произволната форма на некаков шуплив сад, туку една од компонентите и заедничкиот јазик што го зборува уметничкото дело е, токму, организацијата на просторните аспекти тесно зависни од смислата која авторот настојува да ја соопшти.

Од другата страна на просторот функционира времето, тоа може да биде „отворено", вклучено во поширок временски тек или да биде „затворено", затворено самото во себе. Во овие ситуации, во заплетот нема изобилство од настани кои се во корелација со стварноста и со историското, линеарно течење на времето. Авторот е тој што одлучува дали да го забави или забрза времето во своето дело, или дали да го запре, „да се концентрира на имагинарни описи" во делото.

Така се обликува сфаќањето за аспектите на категориите на времето и на просторот. Нивното проучување овозможува да откриеме нови смисли во делата и да рефлектираме врз решенија на проблемот за кој пишува авторот, да побараме нови перспективи и призми, а преку кои ќе откриеме нови погледи на светот, дефиниција на жанрот, постапки на креација. Фокусот врз проучувањето на просторот и времето влијае, генерално, и врз начинот на кој можеме да ја разбереме историјата на литературата.

**Библиографија:**

**Библиографија на кирилица:**

Бојаџиевска, Маја (2002), *Мит, идентитет и книжевност,* Скопје: Сигмапрес.

Лека, А. ( 2016) *Домашна змија*. (прев. од алб. јазик Мирјана Илиева Јашари). Готен: Скопје.

Лукач, Ѓ. (1978) *Теорија на романот.* Македонска книга: Скопје.

Србиновска, С. (2003) *Низ призмата на другиот*, Сигмапрес, Скопје.

Србиновска, С. (2006) *Субјект, книжевност, култура*, Сигмапрес, Скопје.

Ќулавкова, К. (2003) *Теорија на интертекстуалноста*. Култура, Скопје.

Солар, М. (1978) *Теорија на книжевноста (Teoria e letërsisë).* Рилиндја, Приштина.

**Библиографија на латиница:**

Carr, D. (1991) *Time, narrative, and history*. Indiana University Press, Bloomington/ Indianapolis.

Culler, J. (1997) *Literary theory – A very short introduction*, O. U. P. I., New York.

Дадо, Ф. (2007) *Каков е текот на книжевноста во ‘90-тите? (Si rrjedh letërsia e viteve ’90?),* во Mehr Licht, бр.30, Идеарт, Тирана.

Hačion, L. (1996) *Poetika postmodernizma*, (прев. V. Glozden, L. Stanković). Svetovi, Novi Sad.

Hegel, G. V. F. (1986) *Estetika III*, (прев. Nikola Popović). Beograd: Beogradski Izdavačko-Grafički Zavod.

Хедајат, С. (1977) *Слепиот був (Bufi i verbër),* (прев. на алб. јазик Муса Рамадани). Приштина: Рилиндја.

Jauss, H. R. (1978) *Estetika recepcije: izbor studija*. Beograd: Nolit.

Крифца-Беќири, М. (2013) во *Studime letrare* (прев. *Книжевни студии*). Цит: на Јулија Кристева, *Moči užasa*. Ватра, Скопје,, стр. 53.

Lloyd. G. (1993) *Being in time: Selves and narrators in philosophy and literature*. Routledge, UK,.

Nelson, K. E. (1969) The Concept of Time in the Novels of Virginia Woolf. (Thesis). Texas: Graduate Faculty of Texas Technological College.

**Florentina Fetahi**

## TIME AND SPACE IN THE NOVEL “DOMESTIC SNAKE” BY ARIAN LEKA

*Abstract*

“I do not define time, space, place and motion, as being well known to all.”
- Isaac Newton in *Scholium to the Principia*, 1687

As a narrative structure, as a discourse that neatly animates in itself a spectrum of feelings, dreams, hopes, faith, revolt, from which it weaves a metaphor for the

existence of a parallel world, the approach to a world so close and far away at the same time, is one of the most special works in contemporary Albanian and, in general, Balkan literature.

The two parallel streams in the portraying of a world that is shown and that which is implied, which is intended, to connect a parable of known and unknown codes that communicate with each other. Arian Leka invents a different world, transformed, disintegrated, maybe even in a way deformed to specify the ironic and grotesque expressiveness, to show the reality as loudly as possible.Paradoxicality as the internal substance of the metaphor, as ironic and grotesque expressiveness, in the novel *The House Snake* as the first reflection, the transition to the apostrophe of the human being appears as the first appearance, therefore in this narrative it is the blindness of love that gives meaning to this world, the reason for existence, even in the world of the blind men.

This is a story about a confrontation with oneself, with history, with the fate of isolation in space and time, with the intrusive and isolationist ideology. Here, the sea shows the author the way to the inevitable personal and collective catharsis, the way to freedom.

**Keywords**: Arian Leka, time, space, isolation, the sea

**Клучни зборови**: Аријан Лека, време, простор, изолација, море